Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
БИЗНИС ИНФО
102 години
Број 573 www.mchamber.mk 20.9.2024

# Редовни консултации меѓу Стопанската комора и Царинската управа: Пат до зголемена конкурентност на македонската економија




*„Стопанската комора ја поддржува и охрабрува Царинската управа да го унапредува царинското работење со воведување на нови дигитални услуги и решенија и осовременување на опремата особено на граничните премини, затоа тоа истовремено ќе значи олеснување и забрзување на постапките и поддршка за извозните компании за зголемување на нивната ефикасност и конкурентност“, истакна Азески на состанокот*

24.09.2024, Семинар УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА

26.09.2024, Семинар СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

30.09.2024, Семинар Акредитирана обука: ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

01.10.2024, Семинар Дводневна бесплатна обука на тема: ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРАВИЛА И ПРАВНИ АСПЕКТИ ПРИ ИЗВОЗ

09.10.2024, Форум МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА МАШИНИ – IMF24

17.10.2024, Обука Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС Како да ги у...

19.11.2024, Конференција PL (Private label)во FMCG, B2B средби и купувачка мисија: Клуч до успех или стратегија

ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

IGM trade, ВИТАМИНКА, МЕПСО, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, MERMEREN Kombinat, T

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители

МАКПРОГРЕС, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, scalefocus, ComfyAngel, Qinshift, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, Swisslion, AllianceOne, SOCOTAB

достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИТЕ ПРЕКУ БИЗНИС-АНГЕЛИТЕ: КЛУЧ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески учествуваше во панел дискусија на меѓународната конференција „Бизнис-ангелите и претприемачки екосистем во Северна Македонија, можности и предизвици“ организирана од Министерството за економија и труд.

Азески беше говорник на првиот панел за дискусија на тема „Идентификување на потребите на политиките за зголемување на инвестиции на ангелите во Северна Македонија“, каде ја истакна важноста од поддршка на иновативните политики и развојот на претприемништвото како главни двигатели на економскиот раст. Тој нагласи дека за постигнување на одржлив просперитет, државата треба да создаде претприемачки екосистем кој ќе го олесни финансирањето на иновативните бизниси, со особен фокус на улогата на бизнис-ангелите.

Азески го нагласи значењето на стопанските комори во едукацијата на компаниите и поединците за можностите што ги нудат ангелските инвестиции. Со тоа, тие ќе придонесат за забрзување на економските текови и унапредување

на иновациите. Исто така, според искуството на европските земји, потребни се и дополнителни даночни и правни олеснувања за да се стимулираат бизнис-ангелите да инвестираат во ризични, но иновативни компании.

Улогата на бизнис-ангелите е од суштинско значење, бидејќи во многу земји, тие претставуваат втор по големина извор на надворешно финансирање во компании кои отпочнуваат со работа, а имаат високо-ризични бизнис идеи. Тие се многу важни како обезбедувачи на ризичен капитал и придонесуваат за економскиот раст и технолошкиот напредок.

Нивната улога не е само во обезбедување капитал, туку и во пренесување на искуство и создавање партнерства, што е од особена важност за малите и старт-ап бизнисите. Тие претставуваат алтернативен извор на финансии кои овозможуваат реализација на иновативни, но ризични идеи, за кои банкарските инструменти не се секогаш достапни.






## Редовни консултации меѓу Стопанската комора и Царинската управа: Пат до зголемена конкурентност на македонската економија




Зголемување на конкурентноста на македонската економија преку засилена соработка меѓу бизнис заедницата и Царинската управа беше клучна тема за разговор на средбата меѓу претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески и директорот на Царинска управа, Бобан Николовски. Договорено е воспоставување редовни консултации и заеднички настани, кои ќе бидат основа за унапредување на царинско-деловните партнерства.

Со нов Меморандум за соработка ќе се дефинира новата рамка за партнерство, со цел обезбедување доследност, предвидливост и ефикасност на царинските и деловните процеси.

„Стопанската комора ја поддржува и охрабрува Царинската управа да го унапредува царинското работење со воведување на нови дигитални услуги и решенија и осовременување на опремата особено на граничните премини, зашто тоа истовремено ќе значи олеснување и забрзување на постапките и поддршка за извозните компании за зголемување на нивната ефикасност и конкурентност“, истакна Азески на состанокот.

## Промовирана студијата „Трансформација на економиите на Западен Балкан преку приближување на странските инвестиции и декарбонизација на компаниите“



Студијата за трансформација на економиите на Западен Балкан преку приближување на странските инвестиции и декарбонизација на компаниите е изработена во текот на 2024 година во рамките на Проектот за коморско партнерство од страна на Коморскиот инвестициски форум на ЗБ6 (WB6 CIF) и шесте национални стопански комори на Западен Балкан, во соработка со Виенскиот институт за меѓународни економски студии (WIIW). Студијата беше промовирана на конференција во Будва, Црна Гора.

Пандемијата COVID-19 и тековните геополитички тензии имаа влијание на глобалните синџири на снабдување. Тоа резултира во можност германските компании да ги доближат своите производствени капацитети поблиску до нивните домашни пазари, тренд познат како приближување (nearshoring). Оваа Студија имаше за цел да испита дали овој тренд се случил во Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија) од последното истражување спроведено во 2021 година и дали овој тренд на приближување може да се поврзе со тековните напори на локалните компании за декарбонизација, односно намалување на нивните јаглеродни емисии (CO2).

Резултатите од студијата се базираат на анкети спроведени со 65 странски компании од Западен Балкан, 382 локални компании и интервјуа со 12 германски инвеститори од Западен Балкан, еден потенцијален германски инвеститор, една локална компанија и тројца експерти. Студијата упатува на ставање на декарбонизацијата и намалувањето на јаглеродниот отпечаток (CBAM) во функција на подобрување на привлекувањето на странските инвеститори и зголемување на глобалната конкурентност на компаниите од економиите на Западен Балкан.

Студијата укажува дека 72% од странските компании се задоволни од нивното инвестициско искуство во економиите на Западен Балкан, што претставува зголемување од 10% од последната студија спроведена во 2021 година. Притоа, искуствата се различни. Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија забележаа посилни трендови на приближување, при што странските директни инвестиции ги надминаа очекувањата по пандемијата. За разлика, Албанија и Србија забележаа пониски странски инвестиции од очекуваните и имаа помала корист од приближувањето. Црна Гора покажа мешани резултати, со првични добивки, но пад во 2023 година.

Според Студијата, две третини од странските фирми сметаат дека регионот е привлечен за зелени инвестиции, барајќи добавувачи со мал јаглероден отпечаток за да ги исполнат стандардите на ЕУ Greendeal и CBAM. Локалните компании сакаат да се декарбонизираат, но се соочуваат со конкурентни и оперативни предизвици. Во следниот период претстојат предизвици:

- За компаниите CBAM-от е комплексен поради обемната документација и недостатокот на национална поддршка. Затоа коморите од економиите на Западен Балкан лансираа сеопфатен CBAM прирачник за да им помогнат на локалните компании во процесот на декарбонизација (http://www.ungc.rs/docs/publikacije/CBAM.pdf).
- предизвици во зголемување на интеграцијата на обновливите извори на енергија.
- Јавниот сектор треба да ги подобри упатствата и процедурите за компаниите за исполнување на барањата за декарбонизација.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар 23-25 септември 2024

# Тридневна бесплатна обука на тема: АНАЛИЗА, ПРИСТАП И МОДЕЛИ НА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Анализа, пристап и модели на влез на странски пазари“. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 23 до 25.9.2024 година во сала 1 на 5-ти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите да:

· се здобијат со продлабочени знаења од областа на меѓународните економски односи и на меѓународниот бизнис, со фокус врз надлежностите на одделни меѓународни организации и интеграции;

· ги согледаат придобивките од глобализацијата (особено за компаниите од малите земји со ограничен домашен пазар) и начинот на функционирање на компаниите во меѓународни рамки (интернационални компании и меѓународен корпоративен менаџмент);

· се здобијат со сознанија за начините за влез на странски пазари.

Целна група: обуката е наменета за сите претставници од компаниите кои започнуваат со извоз или сакаат да се прошират на нови пазари, како и за сите други лица кои сакаат да го усовршат и да го надградат своето знаење или да го потврдат во делот на извозните активности, низ призмата на искуството на експерти и практичари од областа.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар 24.09.2024

# УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 24 и 25 септември 2024 година организира дводневен „онлајн“ семинар на тема „УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА“.

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инциденти, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција.

Контакт лица:
Михајло Донев
Телефон: 02 32 44 067
Е-адреса: mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 25.09.2024**

# Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги унапредите лидерските вештини и успешно да ги водите своите соработници?

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Centar Group ДОО Белград, Р.Србија, на 25 септември 2024 година, организира еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги унапредите лидерските вештини и успешно да ги водите своите соработници?

„Начинот на кој вработените ги третираат муштериите, е одраз на начинот на кој нив ги третира раководството.“

Зашто ја препорачуваме оваа обука?

Бидејќи на работа има многу шефови, а многу малку прави лидери. Додека првите се ориентирани на форма(позиција, титула) и ги бараат своjте права, правите лидери се насочени на достигнување, резултати, мисија и поголеми цели. Правите лидери се ориентирани на одговорност, а не на своjте права. Тие драстично може да го променат квалитетот и продуктивноста на една организација.

За кого е наменета обуката?

Специјалистичката обука е наменета за топ менаџери, директори и раководители од сите нивоа и сектори во организацијата, менаџери и вработени во секторите за човечки ресурси, како и за други лица кои сакаат да ги зголемат своите лидерски вештини.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 070 239 637
beti@mchamber.mk



**Семинар 30.09.2024**

# Акредитирана обука: ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

Компаниите кои во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад, согласно член 21 од Законот за управување со отпад, се должни да назначат најмалку едно стручно оспособено лице-управител со отпад.

Управителот со отпад е лице кое поседува Уверение за положен стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад од Министерството за животна средина и просторно планирање, а за стекнување на Уверение, лицето потребно е да положи стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија организира обука за „Лице одговорно за управување и/или постапување со отпад“, согласно програма акредитирана од Министерството за животна средина и просторно планирање, која е задолжителна за сите лица кои планираат да полагаат стручен испит за управител со отпад. Обуката се опфаќа 50 училишни часови, распоредени во 8 предавања кои ќе се реализираат во периодот август-септември 2024 година, за сите заинтересирани за полагање на испитот кој престои во перидот октомври 2024 година, согласно Оглас кој ќе биде распишан од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
тел: 02/3244-067
е-адреса:mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

**01.10.2024 , Семинар**

## Дводневна бесплатна обука на тема: ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРАВИЛА И ПРАВНИ АСПЕКТИ ПРИ ИЗВОЗ

Целта на обуката е учесниците од компаниите да:

- се стекнат со познавања за нетарифните мерки и бариери при извоз и нивно следење (квоти, санитарни и фитосанитарни мерки, примена на технички прописи и стандарди технички бариери за пристап кон пазарот, субвенции и компензаторни давачки, антидампинг, заштитни мерки и други технички бариери на трговијата);
- се стекнат со знаење за ИНКОТЕРМС правилата и да ги познаваат и разликуваат специфичностите на одделните видови меѓународен транспорт на стоките, како и на осигурувањето на стоките во меѓународниот транспорт;
- го разберат значењето на потребата од заштитата на правата од интелектуална и индустриска сопственост;
- се согледа компатибилноста на домашното трговско право со меѓународното трговско право и примената на правилата и процедурите на Светската трговска организација (СТО);
- стекнат основни познавања за начините на склучување на меѓународни бизнис договори;
- го разберат значењето на регулативата во меѓународната трговија, за меѓународна продажба на стоки, како и да го разберат значењето на регулативата на Европската унија која е релевантна за надворено-трговското работење;
- се запознаат со значењето на потрошувачкото право.

Целна група: обуката е наменета за претставници од компании постоечки извозници кои сакаат да го унапредат своето работење и да го прошират опсегот на земји/пазари на кои ги пласираат своите производи или да го потврдат своето знаење во делот на извозните активности, низ призмата на искуството на експерти и практичари од областа.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**09.10.2024 , Форум**

## МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА МАШИНИ – IMF24

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Стопанската комора на Австрија и со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија, во рамките на проектот Enterprise Europe Network ве покануваат да бидете дел од претстојниот Меѓународен форум за машини 2024, што ќе се одржи од 9 до 11 октомври 2024 година во Виена, во просториите на Стопанската комора на Австрија.

Овој меѓународниот форум за машини 2024 има цел размена на знаење и на искуства за најновите трендови во технологијата за машини и вклучува деловни средби со учесници од околу 80 земји, при што присутните ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи и идни потрошувачи, како и да споделат искуства со експерти за примена на најновите машини и технологии.

Меѓународниот форум за машини 2024, како хибриден настан, ќе се одржи од 9 до 11 октомври 2024 година во Виена, во просториите на Стопанската комора на Австрија.

Доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на деловните средби, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://www.machin-eryforum.at/signup, каде што можете да ги погледнете сите пријавени компании, програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот.

Настанот е поддржан и од go-international, заедничка иницијатива на австриското Сојузно министерство за труд и економија и на Австриската федерална стопанска комора.

Рокот за пријавување и за регистрација е до 9.10.2024 година.

Контакт лица:

Сашка Велков
Тел. + 389(2)3 244-054
E-mail: sashka@mchamber.mk

Ирена Мојсовска
Тел: +389(2)3 244-009
E-mail: irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088